# Отворен повик

## „Програма за јакнење на капацитетите на општините за унапредување на социо-економското учество на жени и девојки од ранливи категории”

Во земјите од Западен Балкан, жените и девојките од ранливи категории, се соочуваат со значителни пречки во економското и социјалното вклучување. Високата невработеност, сиромаштијата, нееднаквата плата и ограничениот пристап до социјални услуги и можности за вработување несразмерно ги погодуваат овие категории, при што состојбата дополнително се усложнува од повеќекратни форми на дискриминација. Во исто време, локалните пазари на труд се соочуваат со недостиг на работна сила, што укажува на несоодветна усогласеност помеѓу постојните механизми за поддршка и потребите на пазарот на труд.

Унапредувањето на социо-економското учество на жените и девојките од ранливи категории подразбира обезбедување еднаков пристап до можности за вработување, развој на вештини, социјални услуги и активно учество во животот на заедницата. На локално ниво, општините имаат клучна улога во надминувањето на овие предизвици преку креирање насочени политики и услуги кои поттикнуваат инклузија, го зголемуваат пристапот до можности и овозможуваат овие категории активно да придонесуваат во економскиот и социјалниот развој на своите заедници.

**Мрежата на асоцијации на локални власти од Југоисточна Европа (*NALAS*), заедно со својата членка Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија (ЗЕЛС), го објавува овој Повик за пријавување за општини заинтересирани за учество во „Програмата за јакнење на капацитетите на општините за унапредување на социо-економското учество на жени и девојки од ранливи категории “.**

Програмата за јакнење на капацитетите се организира во рамки на проектот „Мостови за инклузија“, кој го спроведуваат *NALAS* и неговите членки од Западен Балкан, во рамки на регионалниот проект „Унапредување на социо-економската вклученост во општините од Западен Балкан“ (*SPARK*), имплементиран од *Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH*, во име на Германското сојузно министерство за економска соработка и развој (*BMZ*).

**Преглед на Програмата за јакнење на капацитетите на општините**

Општините од Република Северна Македонија се повикуваат да поднесат пријава во партнерство со локални даватели на услуги кои се лиценцирани или имаат потенцијален капацитет за обезбедување интегрирани социо-економски услуги (комбинација од социјални, образовни и/или услуги за вработливост), во согласност со националните стандарди и законска регулатива.




Пријавите на општините ќе бидат оценувани и рангирани врз основа на однапред дефинирани критериуми и систем на бодирање. Осумте (8) најдобро рангирани општини ќе бидат избрани за учество во Програмата за јакнење на капацитетите. Четирите (4) најдобро рангирани општини ќе добијат насочена поддршка за спроведување Социјално мапирање.

Од овие четири општини кои ќе спроведат Социјално мапирање, а врз основа на квалитетот на концептот на услуга што ќе го развијат, две (2) општини ќе бидат избрани за поддршка за воспоставување и спроведување на услугата.

**Времетраење на програмата**

14 месеци (септември 2026 – октомври 2027)

**Краен рок за пријавување**

26 јуни 2026 година

# 1. Цел на Програмата

Програмата за јакнење на капацитетите (во понатамошниот текст: Програмата) има за цел да ги поддржи општините во унапредувањето на социо-економското учество на жените и девојките од ранливи категории. Програмата ќе им овозможи на општините да креираат и воспостават интегрирани социо-економски услуги (комбинација од социјални, образовни и/или услуги за вработливост; во понатамошниот текст: „услуги“) и политики засновани на докази, кои одговараат на повеќеслојните ранливости на избраните целни групи. Општинската администрација и давателите на услуги ќе добијат насочена стручна и техничка поддршка за зајакнување на нивните знаења и вештини за дизајнирање и спроведување на услуги засновани на докази.

**1. Јакнење на општинските капацитети за креирање политики засновани на докази**

Програмата ќе ги обучи општините подобро да ги идентификуваат потребите на ранливите категории и да ја проценат достапноста и пристапноста на постојните услуги и ресурси. Таа обезбедува поддршка за собирање, анализа и интерпретација на локални податоци, со цел општините поефикасно да планираат и да ги усогласат своите стратегии и политики за унапредување на социо-економското учество на ранливите категории.

Осум (8) општини ќе учествуваат на онлајн курсот „*LNOB*[1] Социјално мапирање и креирање политики засновани на докази“. Четири (4) од овие општини ќе добијат поддршка за спроведување Социјално мапирање во своите заедници.

**2. Јакнење на општинските капацитети за дизајнирање услуги**

Програмата ги поддржува општините во дизајнирањето услуги кои одговараат на локалните потреби и приоритети, во согласност со националните политики и стратешки рамки.

Општините ќе развиваат концепти за услуги кои ги адресираат предизвиците со кои се соочуваат жените и девојките од ранливи категории. Дополнително, општините ќе добијат поддршка за пристап до национални и други извори на финансирање за овие услуги.

Програмата поттикнува меѓусебно учење, размена на искуства и примена на практични пристапи при дизајнирањето услуги.

Сите избрани општини ќе развијат концепти за социо-економски услуги, врз основа на наодите од Социјалното мапирање и други локално достапни податоци.

**3. Јакнење на општинските капацитети за воспоставување и испорака на услуги**

Програмата ќе ги поддржи општините во воспоставувањето, обезбедувањето и одржливоста на социо-економските услуги за жени и девојки од ранливи категории .

Општините ќе стекнат практично искуство во трансформирање на концептите во реални услуги. Тие ќе ги унапредуваат моделите на услуги, ќе се справуваат со оперативните предизвици и ќе обезбедат усогласеност на услугите со локалните системи и расположливите ресурси. Дополнително, општините ќе добијат поддршка за развивање вештини за долгорочно обезбедување услуги, вклучително и поддршка за обезбедување финансиски средства и интегрирање на услугите во општинските планови.

Две (2) општини ќе добијат поддршка и за воспоставување и почетна имплементација на услугите, додека сите осум (8) општини ќе имаат придобивки од меѓусебна размена на искуства и знаења.

---

[1] *Leave No One Behind* - „Никој да не биде изоставен“, еден од клучните принципи на Агендата 2030 на Обединетите нации.

# 2. Корисници на Програмата

Директни корисници на Програмата се општините кои се посветени на воспоставување и обезбедување интегрирани социо-економски услуги. Општините учествуваат во Програмата во партнерство со локални даватели на услуги кои се лиценцирани или имаат потенцијален капацитет за обезбедување интегрирани социо-економски услуги. И општините и давателите на услуги ќе имаат придобивки од процесот на јакнење на капацитетите што го нуди Програмата.

Крајни корисници на Програмата се граѓаните на општините учеснички, особено жените и девојките од ранливи категории. Овие категории директно ќе имаат корист од подобрениот пристап и квалитетот на воспоставените интегрирани социо-економски услуги.

Во рамки на Програмата ќе бидат опфатени следните ранливи категории на жени и девојки:

- **жени и девојки жртви на родово базирано или семејно насилство;**
- **жени и девојки кои живеат во рурални или оддалечени средини.**

За учество во Програмата, општините треба да изберат конкретна целна група од својата заедница која припаѓа на една од горенаведените категории, а за која имаат интерес да развијат услуга.

Општините кои претходно добиле поддршка за воспоставување на услуга во рамки на проектот на НАЛАС „Регионална соработка за подобра социјална инклузија на локално ниво“, поддржан од регионалниот проект на ГИЗ „Социјална инклузија на ранливи групи во Западен Балкан (*SoRi*)“, се известуваат дека не се подобни да аплицираат на овој повик.

# 3. Мерки и активности на Програмата и обврски на партнерските општини

Програмата опфаќа три специфични мерки за јакнење на капацитетите на општините и давателите на услуги:

**1. Јакнење на општинските капацитети за креирање политики засновани на докази**

**2. Јакнење на општинските капацитети за дизајнирање услуги засновани на докази**

**3. Јакнење на општинските капацитети за воспоставување и испорака на услуги**

Во продолжение се дадени клучните активности што ќе се реализираат во рамки на Програмата, како и улогите и обврските на партнерските општини во текот на нејзината имплементација.

**Учество**

Секоја општина која учествува во Програмата номинира двајца претставници: еден претставник од општинската администрација задолжен за социјалната заштита и еден претставник од партнерскиот давател на услуги. Овие претставници учествуваат во сите мерки и активности на Програмата.

## 3.1.Јакнење на општинските капацитети за креирање политики засновани на докази

Методологијата за Социјално мапирање им овозможува на општините да прибираат податоци за потребите на конкретни целни групи и да ја проценат достапноста и пристапноста на ресурсите и социјалните услуги.

Социјалното мапирање обезбедува детални, разделени податоци по повеќе основи, структурирани и споредливи податоци за потребите на конкретните целни групи. Дополнително, преку Социјалното мапирање се идентификуваат недостатоците во услугите и структурните бариери, и се формулираат препораки и решенија прилагодени на локалниот контекст. На овој начин општините и давателите на услуги обезбедуваат основа за креирање политики и дизајнирање на услуги засновани на докази.

Методологијата за Социјално мапирање се заснова на принципот „Никој да не биде изоставен“ („*Leave No One Behind*“) од Агендата 2030 и ги зема предвид интерсекциската дискриминација и родово-чувствителните аспекти.

### 3.1.1. Градење на капацитетите на општините и давателите на услуги за спроведување на социјално мапирање

Општините и нивните партнерски даватели на услуги го започнуваат учеството во Програмата со онлајн курсот „*LNOB* Социјално мапирање и креирање политики засновани на докази“.

Курсот се состои од четири модули, кои ќе се реализираат во текот на четири последователни недели, со динамика од еден модул неделно. Курсот е воден од искусен обучувач и комбинира онлајн учење и практични алатки, вклучувајќи материјали за читање, примери на добри практики, обрасци на алатки за истражување, видео-упатства, онлајн дискусии и практични задачи. Курсот ќе се реализира на македонски јазик.

**Обврски на партнерските општини**

- **Номинација на учесници:** Сите партнерски општини треба да номинираат еден претставник од општината и еден претставник од партнерскиот давател на услуги. Овие претставници ќе учествуваат во целокупната Програма за јакнење на капацитетите.
- **Присуство и активно учество:** Општините треба да обезбедат редовно присуство, активно учество и целосна посветеност на номинираните претставници во текот на имплементацијата на Програмата, вклучително и успешно завршување на онлајн курсот и сите поврзани задачи и активности.
- **Успешно завршување на курсот:** Четири општини ќе бидат избрани за спроведување на Социјално мапирање со поддршка на проектот. Номинираните учесници од овие општини треба да освојат најмалку 70 од вкупно 100 поени за успешно да го положат онлајн курсот „*LNOB* Социјално мапирање и креирање политики засновани на докази“ и со тоа да се стекнат со неопходното знаење за успешно спроведување на мапирањето.
- **Подготовка на социјално мапирање:** Претставниците од четирите општини избрани за спроведување Социјално мапирање треба да ја подготвуваат имплементацијата на процесот уште во текот на онлајн курсот. За ова ќе добијат стручна поддршка.

**Резултати**

Општините и давателите на услуги ќе ги поседуваат потребните знаења и алатки за спроведување Социјално мапирање. Тие ќе ги разберат основите на користење локални податоци како основа за креирање услуги и политики засновани на докази за ранливите категории на локално ниво.

**Временска рамка: септември 2026 година**

### 3.1.2. Спроведување на социјално мапирање и усогласување на локалните стратешки документи

Четири општини ќе добијат стручна поддршка за спроведување Социјално мапирање. По успешното завршување на онлајн курсот, стручно лице ќе им обезбеди поддршка на четирите избрани општини за спроведување Социјално мапирање за избраната целна група, со користење електронски алатки.

Спроведувањето на Социјалното мапирање ќе резултира со изготвување извештаи кои:

- Ги идентификуваат специфичните потреби на целната група
- Ги анализираат интерсекциските нееднаквости и неповолности
- Ја проценуваат достапноста и пристапноста на локалните услуги и ресурси
- Обезбедуваат препораки и предлози за усогласување на општинските стратегии, политики и плански документи од областа на социјалната заштита

Извештаите од Социјалното мапирање ќе претставуваат основа за дизајнирање услуги во следната мерка од Програмата.

**Обврски на партнерските општини**

- **Соработка:** Општините и номинираните претставници треба тесно да соработуваат со стручното лице при изработка на акциски планови и истражувачки алатки (инструменти) за спроведување на Социјалното мапирање.
- **Прибирање податоци:** Општините и номинираните претставници треба да го поддржат процесот на теренско прибирање податоци, да обезбедат ангажирање локални анкетари и да обезбедат потребна логистичка и административна поддршка (на пр. придонес со обезбедување човечки ресурси и/или кофинансирање).
- **Извештај од социјално мапирање:** Општините и номинираните претставници активно ќе придонесуваат во подготовката, проверувањето и потврдувањето на извештаите од Социјалното мапирање. Ова вклучува учество во консултации, разгледување на наодите и формулирање препораки. Потврдувањето подразбира и консултации со релевантни локални чинители во однос на наодите од извештајот.
- **Усогласување на политиките:** Општините треба да ги усогласат релевантните општински стратегии и акциски планови од областа на социјалната заштита и развојот, како и другите локални стратешки документи, со препораките од извештаите за Социјално мапирање.

**Резултати**

Општините располагаат со структурирани извештаи од Социјално мапирање кои ги истакнуваат потребите на конкретната целна група, ги анализираат интерсекциските неповолности и ја проценуваат достапноста и пристапноста на локалните услуги и ресурси. Општините ќе добијат конкретни препораки и предлози за усогласување на политиките и дизајнирање услуги.

**Временска рамка: октомври 2026 – април 2027**

## 3.2. Јакнење на општинските капацитети за дизајнирање услуги

Сите осум општини ќе учествуваат во Група за учење (*Learning Cluster*). Групата за учење претставува структурирана платформа за меѓусебно учење и модел на менторска поддршка обезбедна од стручно лице.

Во рамки на Групата, сите општини ќе развијат концепти за услуги врз основа на резултатите од Социјалното мапирање и други локално достапни податоци.

**Група за учење**

Групата за учење ќе се состои од структуриран процес на учење и размена на искуства, кој ќе вклучува три настани за размена и менторирана индивидуална работа, и тоа:

- Прв состанок (со физичко присуство): Вовед во услугите на локално ниво; започнување на процесот на концептуализација на услугите; обука за државни и/или други достапни извори на финансирање на услуги (почеток на декември 2026 година, 2 дена)
- Менторирана индивидуална работа за концептуализација на услугите: Секоја општина ќе продолжи со развој на својот концепт за услуга и ќе добие најмалку две индивидуални менторски сесии како поддршка на процесот (средина на декември 2026 – крај на јануари 2027 година)
- Втор состанок (онлајн): Презентација и потврдување на концептите за услуги и размена на искуства од процесот на концептуализација (почеток на февруари 2027 година)
- Избор на двата најдобри концепти кои ќе бидат поддржани од проектот (крај на февруари – почеток на март 2027 година), по што ќе следи потпишување Меморандум за соработка (ЗЕЛС, *NALAS, GIZ*)
- Менторска поддршка за доразвивање на концептите за услуги во текот на воспоставувањето и почетното спроведување на истите (поврзано со следната мерка за воспоставување и испорака на услугите). Стручното лице ќе обезбеди менторска поддршка, со најмалку две сесии по општина, за дополнително унапредување на двата избрани концепти (средина на март – октомври 2027 година)
- Трет состанок (со физичко присуство): Финално сумирање и размена на искуства помеѓу општините, со осврт на научените лекции, постигнатите резултати и препораките за одржливост и проширување на развиените социо-економски услуги (крај на октомври 2027 година)

**Обврски на партнерските општини**

- **Меѓусебна размена:** Номинираните претставници од општините и давателите на услуги активно учествуваат во сите фази на Групата за учење. Тие треба активно да придонесуваат на состаноците и да присуствуваат на сите менторски сесии.
- **Ресурси:** Општините треба да обезбедат доволно време и човечки ресурси за развој на концептите за услуги, како и да обезбедат внатрешна координација помеѓу општинските одделенија и локалните даватели на услуги.
- **Концептуализација:** Општините треба да развијат конкретен концепт за услуга, согласно наодите од Социјалното мапирање, каде што е применливо, и истиот да го достават во утврдените рокови.
- **Спроведување:** Општините чии концепти ќе бидат избрани за поддршка треба да се обврзат на соработка со ЗЕЛС, *NALAS* и *GIZ* во текот на испораката на услугата, вклучително и почитување на договорените работни планови, барањата за известување и правилата за видливост.

**Резултати**

Општините активно ќе се вклучат и ќе воспостават мрежа за соработка и размена со другите општини. Тие ќе стекнат знаења и вештини за концептуализација на услуги и успешно ќе дизајнираат услуга заснована на докази и прилагодена на потребите на избраната целна група. Дополнително, ќе се информираат за достапните механизми за финансирање на национално ниво и, по можност, ќе идентификуваат извор на финансирање за својот концепт за услуга.

Преку конкурентен процес, две општини ќе бидат избрани за поддршка при воспоставување на услугите.

**Временска рамка** : **декември 2026 – октомври 2027**

## 3.3. Јакнење на општинските капацитети за воспоставување и испорака на услуги

Две избрани општини ќе добијат експертска и финансиска поддршка за воспоставување и испорака на услугата што ја развиле во рамки на претходната мерка. Спроведените услуги треба да опфатат најмалку 20 корисници од избраната целна група.

Општините ќе учат преку практично спроведување, ќе стекнат искуство во справување со оперативни предизвици, ќе ги прилагодуваат решенијата согласно потребите и ќе ги зајакнат своите институционални капацитети за одржлива испорака на услугите и по завршувањето на проектот.

Општините ќе добијат стручна поддршка преку Групата за учење, како и стручни насоки за време на воспоставувањето и испораката на услугата. Ова конкретно опфаќа менторство, советодавна поддршка и практични насоки за унапредување на услугите, како и поддршка при финализирање на оперативните планови и организација на чекорите за спроведување.

Двете избрани општини ќе добијат поддршка за обезбедување на услугата во вкупен износ од 7.000 евра по општина, администрирани од страна на проектот во период од 7,5 месеци. Поддршката е наменета за човечки и материјални ресурси потребни за воспоставување и испорака на услугата. Проектот директно ќе ги ангажира и набавува овие ресурси согласно важечките проектни процедури за набавки и финансиско работење.

Општините се охрабруваат да обезбедат дополнителен придонес во човечки ресурси или добра и/или финансиски придонес со цел дополнително зајакнување на квалитетот, опфатот и одржливоста на услугата.

**Обврски на партнерските општини**

- **Посветеност:** Двете избрани општини треба да обезбедат целосна институционална посветеност за спроведување на одобрената услуга, вклучително и обезбедување соодветен кадар и воспоставување внатрешни механизми за координација со локалните даватели на услуги.
- **Соработка:** Општините треба тесно да соработуваат со ЗЕЛС во однос на финализирањето на планот за спроведување, определувањето на улогите и одговорностите и навременото обезбедување на услугата.
- **Координација:** Општините треба да обезбедат координација со релевантни чинители, вклучително и даватели на услуги, претставници на заедницата и партнери од приватниот сектор, каде што е применливо.
- **Испорака на услуги:** Општините треба да обезбедат соодветно користење и заштита на набавените ресурси, како и обезбедување на услугата согласно договорениот концепт, временската рамка и фокусот на целната група.
- **Известување:** Општините треба да прибираат релевантни податоци и да придонесуваат кон мониторингот и известувањето за резултатите од обезбедувањето на услугата, вклучително и научените лекции и препораките за одржливост и можност за понатамошно интегрирање во општинските политики и буџети. За ова, ЗЕЛС ќе обезбеди обрасци и насоки.
- **Придонес:** Општините се охрабруваат да обезбедат дополнителен придонес во човечки ресурси или добра и/или финансиски придонес за обезбедување на услугата.

**Резултати**

Општините, во соработка со локален давател на услуги, ќе го тестираат и потврдат дизајнот и ефективноста на услугата преку успешно обезбедување на услугата за група од 20 корисници. Тие ќе го следат и известуваат влијанието на воспоставената услуга преку прибирање податоци и документирање на научените лекции. Општините ќе преземат чекори за обезбедување одржливост на услугата, вклучително и стекнување знаења за можностите за финансирање.

**Временска рамка: Средината на март – октомври 2027 година**

## 3.4.Календар на активности на Програмата

| | |
|---|---|
| **Отворен повик и избор на општини** | |
| Информативни сесии за заинтересирани општини | 19 јуни и 23 јуни 2026 |
| Објавување на избрани општини | средината на јули 2026 |
| Потпишување на меморандуми за соработка со избраните општини | средината на јули - крајот на август 2026 |
| **Јакнење на општинските капацитети за креирање политики засновани на докази** | |
| Ангажирање на локални волонтери/анкетари за социјално мапирање | август – почеток на септември 2026 |
| Онлајн обука за социјално мапирање | почеток – крај на септември 2026 |
| Теренска работа во рамки на социјалното мапирање | почеток на октомври – средина на ноември 2026 |
| Подготовка на извештаи од социјално мапирање | средината на ноември – средината на декември 2026 |
| Политичка волја за интегрирање на препораките од социјално мапирање во релевантните локални политики и акциски планови | до средината на февруари 2027 |
| Усогласување на локалните стратешки документи со препораките од социјално мапирање | средината на март – април 2027 |
| **Јакнење на општинските капацитети за дизајнирање услуги засновани на докази** | |
| Дизајн на концепти за услуги во рамки на кластерот за учење | почеток на декември 2026 – крај на февруари 2027 |
| Избор на општини за поддршка за воспоставување услуги | средината на март 2027 |
| **Јакнење на општинските капацитети за воспоставување и испорака на услуги** | |
| Воспоставување и испорака на социо-економски услуги | средината на март – крај на октомври 2027 |
| Финална меѓусебна размена во рамки на кластерот за учење | крај на октомври 2027 |

Поддршка обезбедена во рамки на Програмата, вклучително и ангажирањето експерти, набавките и другата поддршка за имплементација, ќе биде обезбедена, администрирана и координирана од страна на ЗЕЛС, согласно важечките програмски процедури.

# 4. Процес на пријавување

## 4.1.Постапка за пријавување

Општините заинтересирани за учество во Програмата за јакнење на капацитетите се повикуваат да достават пријава. Пријавите се изработуваат на македонски јазик, согласно барањата утврдени во Образецот за пријава, и мора да ги содржат сите побарани информации.

Образецот за пријава е структуриран во пет тематски целини, кои ги одразуваат клучните области на оценување. Тие опфаќаат: (i) институционален капацитет и искуство, (ii) релевантност и изводливост на услугата, (iii) одржливост и потенцијал за опфат, и (iv) подготвеност на кофинансирање.

Од општините се очекува да дадат јасни, концизни и на докази засновани одговори на сите прашања во секоја од секциите, со доволен степен на деталност за да се овозможи сеопфатно оценување. Пријавите мора да ја покажат посветеноста на општината за активно учество во целата Програма, вклучително учество во јакнењето

на капацитетите за Социјално мапирање и учество во Learning Cluster, како и – доколку бидат избрани за таква поддршка – спроведување Социјално мапирање и воведување и испорака на услугата.

Заинтересираните општини треба да го достават пополнетиот Образец за пријава, кој е приложен кон овој Повик како Анекс, по електронска пошта на следната адреса:

contact@zels.org.mk, shehi@nalas.eu

**Краен рок: 26ти јуни 2026**

**Наслов на е-пораката: ЗЕЛС_НАЛАС_Пријава за повик_име на општина**

Образецот за пријава мора да биде уредно потпишан од градоначалникот/градоначалничката на општината и овластенито лице на партнерската организација/давател на услуги.

Некомплетни пријави или пријави доставени по истекот на рокот нема да бидат разгледувани.

Сите доставени пријави ќе бидат оценувани преку конкурентен процес, врз основа на однапред дефинирани критериуми.

Општините може да бидат повикани да дадат дополнителни појаснувања во текот на процесот на оценување, доколку Комисијата за оценување смета за потребно.

### 4.2. Информативни сесии

Во текот на периодот за пријавување, ЗЕЛС ќе организира информативни сесии со цел обезбедување дополнителни појаснувања за Повикот и неговите барања. Овие сесии ќе обезбедат насоки за општините при подготовката и поднесувањето на Образецот за пријава. Информативните сесии ќе се реализираат согласно следниот распоред:

- **19 јуни 2026 од 10:00 до 11:30 часот (MS Teams линк)**
- **23 јуни 2026 од 10:00 до 11:30 часот (MS Teams линк)**

## 5 Избор на општини за учество во Програмата

### 5.1. Постапка за избор

Општините кои учествуваат во Програмата ќе бидат избрани преку прогресивен модел на поддршка, структуриран во три нивоа на поддршка. Овој пристап обезбедува конкурентен процес и напредување на општините базирано на изведба, од јакнење на капацитети до практична имплементација, вклучително и насочена стручна, техничка и финансиска поддршка за спроведување Социјално мапирање и за воспоставување и обезбедување услуги.

Општините ќе бидат селектирани и рангирани врз основа на однапред дефинирани критериуми и систем на бодирање во согласност со следнава распределба на поени според соодветниот критериум:

| | |
|---|---|
| 1.1. Институционални капацитети и искуство | 30 |
| 1.2. Релевантност и изводливост | 45 |

| | |
|---|---|
| 1.3. Одржливост и потенцијал за опфат на услугата | 15 |
| 1.4. Подготвеност за кофинансирање | 10 |
| Вкупно | 100 |

Осумте (8) најдобро рангирани општини ќе бидат избрани за учество во Програмата за јакнење на капацитетите. Истовремено, четирите (4) највисоко рангирани општини ќе бидат избрани за добивање насочена поддршка за спроведување Социјално мапирање.

По завршувањето на Социјалното мапирање и развојот на концептите за услуги, ќе се спроведе втор процес на избор заснован на изведба и однапред утврдени критериуми. Од четирите општини кои добиле поддршка за спроведување Социјално мапирање, две (2) општини со највисок квалитет и изводливост на нивните концепти за услуги ќе бидат избрани за поддршка при воспоставување и почетно спроведување на услугата.

**Прогресивен модел на поддршка (три нивоа на поддршка)**

***Ниво 1 – Јакнење на капацитети ( 8 општини)***

Осумте избрани општини ќе:

- учествуваат и успешно ќе го завршат онлајн курсот за Социјално мапирање
- учествуваат во кластерот за учење и ќе добијат стручна поддршка за дизајнирање концепт за услуга, како и насоки за пристап до достапни државни извори на финансирање

Сите општини ќе имаат придобивки од Програмата преку зајакнување на капацитетите за дизајнирање услуги, стекнување знаење за пристап до и користење национални извори на финансирање за обезбедување услуги, како и учество во размена на искуства.

***Ниво 2 – Поддршка за социјално мапирање ( 4 општини)***

Дополнително на Ниво 1, четирите највисоко рангирани општини ќе добијат дополнителна поддршка за спроведување Социјално мапирање во нивниот локален контекст, насочено кон однапред дефинираната целна група.

***Ниво 3 – Поддршка за испорака на услуги (2 општини)***

Дополнително на Ниво 1 и Ниво 2, и врз основа на квалитетот и изводливоста на развиените концепти, две општини од оние кои спровеле Социјално мапирање ќе бидат избрани за дополнителна поддршка за воспоставување и почетно спроведување на нивните услуги.

## 5.2.Комисија за оценување

Комисијата за оценување ќе биде составена од претставници на Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија (ЗЕЛС), Мрежата на асоцијации на локални власти од Југоисточна Европа (*NALAS*) и *Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH*.

## 5.3.Меморандуми за соработка

По изборот, општините формално ќе бидат поканети да учествуваат во Програмата и ќе потпишат Меморандум за соработка (МоС), со кој ќе ја потврдат својата посветеност за активно учество.